Службен весник на РМ бр.200/2014

Врз основа на член 26 став 5 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13 и 151/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на бодување и потребната литература за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на бодување и потребната литература за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот.

### Член 2

Со првиот (теоретски) дел од испитот се врши проверка на теоретското знаење на кандидатите на Законот за тутун и тутунски производи, Правилникот за мерилата за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист („Службен весник на Република Македонија” бр.16/07, 144/10 и 20/11) и потребната литература која е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Првиот (теоретски) дел од испитот содржи вкупно 10 прашања и тоа:
- три прашања од Законот за тутун и тутунски производи;
- пет прашања од Правилникот за мерилата за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист и
- две прашања од потребната литература.

Одговорите на прашањата од Законот за тутун и тутунски производи и потребната литература се бодуваат на следниот начин:
- точните одговори со 8 бода;
- сличните одговори со точниот со 3 бода;
- неточните одговори во мал обем со -0,5 бода и
- неточните одговори во голем обем со -1 бода.

Одговорите на прашањата од Правилникот за мерилата за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист се бодуваат на следниот начин:
- точните одговори со 12 бода;
- сличните одговори со точниот со 5 бода;
- неточните одговори во мал обем со -0,5 бода и
- неточните одговори во голем обем со -1 бода.

Вкупниот збир на бодови од првиот (теоретски) дел од испитот изнесува 100 бода. Првиот (теоретски) дел од испитот се смета за положен со добиен најмалку 51 бод.

Член 3

Вториот (практичен) дел од испитот се полага по успешно полагање на првиот (теоретски) дел од испитот и се состои од решавање на три до пет практични примери со три до пет прашања во познавање на тутунската суровина.

Одговорите на кандидатот на секое прашање во познавањето на тутунската суровина се бодуваат со најмалку 10 а најмногу 50 бодови, при што вкупниот збир на бодови се пресметува според просечната вредност на добиени бодови за секое прашање.

Вкупниот збир на бодови од вториот (практичен) дел од испитот е 50 бода.

Вториот (практичен) дел од испитот се смета за положен со добиен најмалку 21 бод.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат одредбите од Правилникот за формата и содржината на лиценцата за процена на тутун и начинот и програмата за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/07 и 165/2011) кои се однесуваат на начинот и програмата за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-7907/7
10.12.2014 година
Скопје

Министер за земјоделство
шумарство и водостопанство
м-р Михаил Цветков,с.р.

Прилог

Потребна литература за полагање на испитот за добивање
на лиценца за процена на тутун

1. Узуноски М. ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУН, „СТОПАНСКИ ВЕСНИК" Скопје, 1985 година со следните глави:

- глава деветта- типови и сорти тутун;
- глава дваесетта-инсерцијата како показател на квалитетот;
- глава дваесет и прва-сушење на тутунот;
- глава дваесет и втора-методи на сушење на тутунот и
- глава дваесет и петта-мерила за откуп на тутунот од производителите (од 511 до 517 стр).

2. Корубин-Алексоска А. Сорти на тутун од институтот за тутун-Прилеп, Институт за тутун Прилеп, 2004 година со следните поглавја:

1. Тип прилеп;
2. Тип јака;
3. Тип џебел;
4. Тип отља;
5. Тип вирџинија и
6. Тип берлеј.

3. Карајанков С., Арсов З. Кабранова Р. Производство на тутун- Практикум, Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје, 2007 со поглавјето 5. Повреди на тутунскиот лист.

4. Мицковски Ј. Тутунот во Република Македонија–Прилеп, Друштво за наука и уметност–Прилеп, 2004 година со следните поглавја:

16. Болести, штетници и плевели на тутунот;

I. Болести на тутунот и

V. Штетници на тутунот.

5. Смоквоски М., Стојкоски С. Практикум по технологија на тутунот, ЈНУ - Институт за тутун-Прилеп, 2004 година со поглавјето 4.0. Основни признаци за органолептичка проценка на квалитетот на суровиот тутун во лист.